Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

**ПРАВИЛНИК**

**за уредување и објавување на Билтен на ФБЕ**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката и видот на материјали кои се објавуваат во Билтенот на ФБЕ.

**Член 2**

Во Билтенот се објавуваат следниве материјали:

- Реферати за избор во звања
- Рецензии за ракописи (учебници, учебни помагала, скрипти, авторизирани предавања и слично)
- Општи акти на институцијата
- Други материјали согласно закон и акти на ФБЕ.

**Член 3**

Билтенот на ФБЕ се објавува после секоја седница на Наставнички совет доколку има материјали за објавување.

Објавениот билтен се архивира како материјал од Наставнички совет, и еден број се чува како архивски примерок.

**Член 4**

Билтенот има уредник кој врши функција само на техничко уредување на материјалите.

Лицето вработено во администрација на ФБЕ го уредува Билтенот.

Материјалите за објавување на уредникот му се доставуваат непосредно по завршување на Наставничкиот совет, истиот ден.

**Член 5**

Материјалите кои се објавуваат во билтенот, треба да бидат технички средени.

На почетокот на Билтенот има содржина.

Рефератите за избор и рецензиите на ракописи се објавуваат скенирани, заедно со потписите од Комисијата и архивскиот печат на прием на рефератот.
Општите акти на ФБЕ се објавуваат во форма во која се усвоени од Совет, без архивски печат и со ознаката с.р. до името на Директорот на ФБЕ.

**Член 6**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 7**

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат одредбите од Правилникот за уредување и објавување на Билтен на ФБЕ со арх. бр. 02-07/1 од 15.01.2016 година.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Директор,
д-р Биљана Ѓозинска, с.р.